# „Аллах со тој нејзин чин ѝ го задолжил Џенетот или ја заштитил од Огнот.“

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Кај мене дојде една сиромашна жена, носејќи ги своите две ќерки. Ѝ дадов три урми. Таа им даде по една урма на ќерките, а третата ја приближи кон устата за да ја изеде. Но ќерките и од неа посакаа, па таа ја преполови и им ја подели. Нејзината постапка многу ме восхити, па му го раскажав тоа на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Тој рече: „Аллах со тој нејзин чин ѝ го задолжил Џенетот или ја заштитил од Огнот.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува дека една сиромашна жена, носејќи ги своите две ќерки, дошла кај неа и побарала нешто. Аиша ѝ дала три урми. Жената им дала по една урма на ќерките, а третата ја приближила кон устата за да ја изеде. Но, двете ќерки ја посакале и таа урма, па жената ја преполовила и им ја поделила. Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, многу се восхитила со нејзината постапка и му го раскажала тоа на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Тој рекол: „Аллах со таа нејзина постапка ѝ го задолжил Џенетот или ја заштитил од Огнот.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3133